**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

# „ИЛИНДЕН“ Крива Паланка

**за период од 2022 до 2024 година**




**Јули, 2024 година**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Илинден“ |
| Адреса | Ул.„Наско Тамбурков“бр.80 Крива Паланка |
| Телефон, е-пошта | 031 375-078 |
| Период на подготовка на СЕУ | април-август 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 543 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Лорета Димитровска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Благородна Стојнева |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>-Планирања на наставниците;<br><br>-Списоци,агенди и извештаи од реализирани обуки;<br><br>-Записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br><br>-Анкети со наставници;<br><br>-Интервјуа со директорот, стручните соработници;<br><br>-Извештаи од стручни соработници за следени планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | За успешна реализација на воспитно-образовниот процес неопходни се **квалитетни планирања** од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. Во нашето училиште наставниците изработуваат годишни и тематски планирања на почетокот на учебната година и истите ги доставуваат до педагошката служба, а дневните планирања континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на стручната служба. Најмалку два пати во годината се следат планирањата на наставниците од страна на педагошката служба и директорот, се прави увид во електронскиот дневник, како и во наставните содржини од дневникот кои наставниците ги печатат секој месец.<br><br>***Анкетирани се вкупно 60 наставници. 90% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека директорот и стручната служба ги следат планирањатта најмалку два пати во полугодието, а 10% од наставниците се согласуваат со ова тврдење.***<br><br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа :<br><br>- годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошката служба во печатена форма или електронска форма;<br>- оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и државниот просветен инспекторат; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - увид во е-дневници;<br><br>- посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови ( цели на часот , активности, примена на интерактивни форми и методи, очекувани исходи од учењето, констатации / евалуација на реализиран час);<br>- консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата;<br><br>- воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на педагог и психолог;<br><br>- воведување во работата на наставниците-почетници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците- почетници; |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците при планирањето на наставните програми соработуваат во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи преку консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети и од други училишта, посета на отворени часови, работилници, дисеминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго.<br><br>Наставниците остваруваат соработка со советници од БРО во вид на консултации за реализација на наставната програма; консултации за примена на интерактивни форми и методи; примена на ИКТ во наставата и слично. Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба, од страна на советници од БРО и ДПИ.<br><br>Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување со наставни средства и помагала, стручна литература, семинари и обуки, снабдување дополнителни материјали за ефективна и ефикасна настава.<br><br>***Анкетирани се вкупно 60 наставници. 100% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека во рамки на стручните активи се разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.*** |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Распоред на часови;<br><br>Е-дневник;<br><br>Педагошка евиденција и документација;<br><br>Списоци и извештаи од реализирани обуки;<br><br>Записници од состаноци на стручни активи; | Реализација на наставни планови и програми | Наставниците во училиштето изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања што се во согласност со Наставниот план за деветгодишно образование и Наставните програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. Реализацијата започнува преку подготовка на наставните планови и програми: годишни, тематски, процесни, месечни и дневни подготовки.<br><br>**Наставните планови и програми се целосно применети од страна на наставниците.**<br>Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Реализирани се наставни планови и програми по сите задолжителни и изборни предмети. Врз начинот на реализација на наставните планови и програми постојат можности наставниците да влијаат, поради слободата што им е дадена и тоа да вршат поместување на теми, според временскиот период. Наставниците добиваат подршка од училиштето за осовременување на наставните програми преку семинари и обуки, вклучување во проекти, отворени часови, дисеминација од посетени |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети со наставници; ученици, родители/старатели;<br><br>Дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br><br>Интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; | | семинари на останатите наставници.<br>Секој наставник ги запознава учениците со наставниот план и програма за наставните предмети што ги предава, а родителите се запознаени со истите на првите родителски средби.<br>Според анкетираните наставници, родители и ученици најголем број се изјасниле дека се информирани дека наставните планови и програми кои се во согласност со МОН и БРО. За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители. Доколку во наставните планови и програми настанат промени, наставниците се информираат на ниво на актив или училиште.<br>Се реализираат и програми за додатна, дополнителна, слободни ученички активности и вонннаставни активности според можностите, способностите, потребите и интересите на учениците.<br>Дополнителната настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати на барање на родителот, наставникот, или ученикот, додека додатната настава се реализира со ученици кои постигнуваат значителни резултати за одделени наставни предмети.<br>***Најголем број, односно 90% од анкетираните наставници и родители целосно се согласуваат со тврдењето дека задачите и активностите на часовите се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците.*** |
| | Избор на наставни предмети | Слободните изборни предмети имаат за цел да обезбедат развој на потенцијалите на секој ученик и да придонесат за мотивирање на учениците за учење и за самостојно насочување во натамошното образование. Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна.<br>Училиштето задолжително нуди листа на слободни изборни предмети, зависно од интересите на учениците и можностите на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| Материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности;<br><br>Планирања за изборни предмети. | | Изборни предмети за учениците кои работат според новата Концепција за основно образование се определуваат според Водичот за слободни изборни предмети.<br>Во месец мај училиштето спроведува анкетата во вид на анонимен прашалник кој нуди список на поголем број области од кои може да се изведат слободни изборни предмети, се врши обработка на податоците од спроведената анкета и резултатите се објавуваат на огласната табла на училиштето за да бидат видливи за учениците и за родителите/старателите. Врз основа на добиените резултати се формираат листите на слободни изборни предмети.<br>Во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети, избира два предмета што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година.<br>***89% од родителите и 93% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците при изборот нудејќи избор на повеќе изборни предмети.*** |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Правилниот избор на задачи и активности, за постигнување на предвидените цели на наставата, претставува карактеристика на работењето на поголемиот број на наставници. При изборот на задачи и активности се внимава на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на часот, наставниците користат ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа: одобрени учебници,стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието), училишна библиотека, цртежи, слики, нагледни средства и материјали.<br>***На тврдењето дека во наставата се користат различни материјали и извори за учење, 100% од натавниците и 87% од учениците целосно се согласуваат, додека 13% се согласуваат.*** |

| | | |
|---|---|---|
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата, но и во воннаставните активности.<br><br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се почитува. Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење.<br><br>***95% од анкетираните ученици и родители целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците се однесуваат со почитување кон нив.***<br><br>Училиштето низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците. Учениците заеднички работат на различни проекти со другите ученици, во групи и тимски. |
| -Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br><br>-Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; | Реализација на образовна инклузија | Во училиштето функционира Училишен инклузивен тим составен од 7 (седум) члена, во кој членуваат директор, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, двајца родители и двајца наставници.<br>Иклузивниот тим за ученикот (ИТУ) е составен од училишниот специјален едукатор и рехабилитатор, училишниот психолог, училишниот педагог, одделенскиот раководител, родителот и наставниците кои предаваат на ученикот. ИТУ изработува и евалуира ИОП (Индивидуален образовен план) за работа со деца со посебни образовни потреби и истиот го следи напредокот на ученикот. На овие ученици им се посветува посебно внимание од страна на сите наставници, психологот, педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Реализацијата на целите од ИОП се следи и анализира од страна на Одделенски и Наставнички совет и Инклузивниот тим на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| -Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; | | Во нашето училиште има ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава кои работат според ИОП и модифицирана програма и ја користат услугата образовна асистенција. За таа цел училиштето остварува соработка со Основното училиште со ресурен центар „ИДНИНА“ од Скопје, во однос на обуки за изработка на ИОП и модифицирани програми за учениците, како и во делот на обезбедување на услугата образовна асистенција за учениците со посебни потреби. Целта на поддршката што ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците со попреченост да учествуваат во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали, да стекнат самостојност и социјална вклученост во училишната средина. |
| -Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во вонннаставните активности во зависност од своите интереси. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничка припадност, вера, социјално потекло и еднаквост спрема децата со посебни потреби кои активно се вклучени во наставата. Сите ученици во училиштето без оглед на способнастите, етничката припадност, верата и потеклото, се чувствуваат прифатени од возрасните и од своите соученици. Со спроведување на интегрирани часови по одредени наставни предмети како и преку содржините што се изучуваат од изборните предмети, учениците ќе ги запознаваме со разните култури кај нас.<br><br>Училиштето е вклучено во проектот на МЦГО, БРО и МОН-„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“Преку програмата **„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“** учениците се запознаваат со разни култури преку спроведување на мултикултурни активности во училиштето и надвор од училиштето. Нашето училиште има |

| | | |
|---|---|---|
| | | потпишано меморандум за соработка со партнер училиштето **ОУ „Симче Настовски“ с. Вратница** и оваа соработка продолжува**.** Одговорен наставник на Тимот за училишна интеграција е Марија Смиљков. Овој тим изготвува програма и план со конкретни активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година и се прилог на Годишната програма.<br><br>Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.<br><br>***70% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека нивното дете било вклучено во активности со ученици кои учат на различни јазици, а 30% од родителите делумно се согласуваат*** |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br><br>-Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br><br>-Разговор со стручна | Средина и атмосфера за учење | Од разговори со фокус групи со ученици, родители,стручна служба и наставници констатирано е дека средината за учење е стимулативна и пријатна и поттикнува доволно интерес за учење. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа и сл. Изработките од учениците постојано се изложуваат на видни места во училниците и во ходниците на училиштето, како и во училишниот хол. Секој ученик добива можност за изложување на своите изработки.<br><br>Пред училниците од одделенска настава има информативно пано за учениците и родителите. На тој начин наставниците им го прават интересно учењето, ги охрабруваат на самостојно мислење, донесување заклучоци и го почитуваат мислењето на учениците при решавање на проблеми. |

| | | |
|---|---|---|
| служба;<br><br>-Увид во ученичките досиеја;<br><br>-Увид во евиденцијата на стручните соработници. | | Најголем дел од наставниците не ги критикуваат учениците пред други ученици или пред возрасни. Наставниците ги потикнуваат и мотивираат сите ученици подеднакво поттикнувајќи соработка помеѓу сите учениците во одделението.<br>***На тврдењето дека училиштето го чувствувам како безбедна и мотивирачка средина за моето дете, 95% од родителите целосно се согласуваат , а 5% делумно се согласуваат со ова тврдење.***<br>**Атмосфера за учење**<br>Наставниците во текот на часот даваат јасни инструкции и упатства за работа, учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку:<br>-кооперативно учење, работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата;<br>-организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари;<br>-организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите;<br>- учество во проекти во кои се вклучени наставниците и учениците |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Посебно внимание училиштето посветува на работа со надарени и талентирани ученици. Формиран е тим за поддршка на овие ученици кој подготвува програма за работа со надарени и талентирани ученици. Идентификувањето на надарените ученици се врши со систематско следење, испитување и вреднување на развојните особености, постигањата и потребите на секој ученик преку задавање на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик.<br>Наставниците добиваат препорака за овие ученици да подготвуваат и реализираат индивидуализирани програми со цел максимално да ги развиваат нивните предиспозиции. |

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Програма за работа на училиштето;<br><br>-Распоред за додатна и дополнителна настава;<br><br>-Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br><br>-Павилник за оценување и напредување на учениците;<br><br>-Интерен правилник за оценување;<br><br>-Увид во педагошката евиденција и документација;<br><br>- Користени инструменти за оценување;<br><br>-Примери на оценети ученички трудови; записници од стручните | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските прописи со кои е регулирано оценувањето на учениците. Постигањата на учениците наставниците ги проверуваат формативно и сумативно и ги запишуваат со описни или бројчани оценки.<br><br>Во првиот период, постигањето на ученикот се запишуваат со описни оценки и на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки. Во вториот период, постигањето на ученикот запишуваат со описни и бројчани оценки и ученикот на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година се запишуваат со бројчани оценки. Ученикот, на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото за развој на образованието и со нив се запознаени учениците на почетокот на секој учебна година, како и родителите и тоа на првата родителска средба. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Најголем број наставници користат разновидни методи за оценување. Се применуваат:<br>-чек листи за оценување на постигањата на учениците,<br>-наставно ливче,<br>-усна повратна информација,<br>-портфолија,<br>-писмена работа,<br>-контролен тест,<br>-тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. |

| | | |
|---|---|---|
| активи, наставнички совет;<br><br>-Анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/старателите;<br>Инструменти за индивидуализирани начини за проверка | | Оценката е сумативна од сите компоненти, а оценувањето е транспарентно и континуирано.<br>Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување. Наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби.<br><br>Наставниците имаат политика на фер оценување, притоа не правејќи разлика помеѓу учениците по пол, етничка припадност и социјален статус. Преку самооценување и меѓусебно оценување учениците се вклучуваат во оценувањето и им се дава можност да ги согледаат критериумите и да ги подобрат постигањата. Учениците редовно добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања.<br><br>Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. Оценувањето е праведно, транспарентно, добро организирано и секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот. Наставникот ги оценува постигнувањата на учениците со пречки во развојот во согласност со целите во индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.<br><br>*95% од од учениците и родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека оценувањето на учениците е праведно*. |

Коефициент на континуитет на успехот на учениците

Коефициентот на континуитет на успехот по предмети е прикажан во следните табели:

| Учебна 2021/2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | VII одделение | VIII одделение | IX одделение | Среден успех на училиштето |
| Среден успех на полугодие | 4.05 | 3.97 | 4.10 | 4.06 |
| Среден успех на крај година | 4.33 | 4.28 | 4.58 | 4.45 |
| Коефициент | 0,94 | 0,93 | 0,90 | 0,91 |

| Учебна 2022/2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | VII одделение | VIII одделение | IX одделение | Среден успех на училиштето |
| Среден успех на полугодие | 4.19 | 4.04 | 4.14 | 4.11 |
| Среден успех на крај година | 4.38 | 4.26 | 4.50 | 4.45 |
| Коефициент | 0,96 | 0,95 | 0,92 | 0,92 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учебна 2023/2024 година<br><br>Одделение \| VII одделение \| VIII одделение \| IX одделение \| Среден успех на училиштето<br>Среден успех на полугодие \| 4.12 \| 4.14 \| 4.09 \| 4.12<br>Среден успех на крај година \| 4.39 \| 4.42 \| 4.41 \| 4.51<br>Коефициент \| 0,94 \| 0,94 \| 0,93 \| 0,91<br><br>Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9,што значи дека оценувањето е праведно |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците редовно собираат информации за постигањата и напредокот на учениците и истите ги користат за:<br>- Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата<br>- Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација на наставата.<br>- Идентификување на потребите на учениците и планирање на идните чекори за нивниот напредок. |

Учебна 2023/2024 година

| Одделение | VII одделение | VIII одделение | IX одделение | Среден успех на училиштето |
|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | 4.12 | 4.14 | 4.09 | 4.12 |
| Среден успех на крај година | 4.39 | 4.42 | 4.41 | 4.51 |
| Коефициент | 0,94 | 0,94 | 0,93 | 0,91 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Индикатор 1.5 Вонанаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа;<br><br>-Програми за воннаставни активности;<br><br>-Извештај од реализирани екскурзии;<br><br>-Педагошка евиденција и документација;<br><br>-Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br><br>-Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. Наставниците во своите планирања имаат и распоред за одржување на додатна, дополнителна настава како и слободни ученички активности. Исто така, планирањата содржат и планови за реализација на додатна, дополнителна, програма за надарени и талентирани ученици, слободни ученички активности, како и подготовка на ученици за натпревари. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Училиштето овозможува голем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги при тоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус.<br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор.<br>Во рамките на училиштето често се реализираат и натпревари за ликовен и литературен конкурс по повод одредени манифестации: Ден на дрвото - Екологија, Ден на планетата Земја, Патрон празник, хуманитарни акции, реализирање на еколошки акции и слично. Учеството на ваквите манифестации и натпревари позитивно влијае врз сите ученици. Претставување и афирмирање на учениците и училиштето се врши преку facebook страна на училиштето, училишниот весник „ Илинденче “ и на веб страната на општината. |
| | | Нашето училиште има изготвено Програма за воннаставни активности која опфаќа различни активности на учениците кои имаат за цел:<br>- задоволување на индивидуалните интереси<br>- развививање на способностите на учениците<br>- зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција низ дружењето во |

| | | |
|---|---|---|
| -Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br><br>-Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br><br>-Увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | | слободното време. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Секој ученик учествува во воннаставните активности по свој избор, а училиштето ги сумира интересите преку Прашалник изработен во Google Forms, каде учениците даваат предлог-активности за годишните програми за екскурзии и излети, како и предлози за воннаставни активности на училиштето. Постојат можности за поврзување на воннаставните активности на учениците и на ниво на општина, со соодветни организации и заедници (Црвен крст, Детска организација, еколошки друштва, и сл.).<br><br>За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности.<br><br>***100% од учениците и родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.*** |
| | Натпревари | Учениците кои се истакнуваат со своите интереси, активности и вештини во одредна област имаат можност истите да ги презентираат и докажат на ученичките натпревари, организирани од училиштето или акредитирени здруженија од одредена област како и меѓународно признати натпревари. Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области. За постигнатите резултати секогаш се пофалувани, наградувани со пофалници и истакнати на порталот на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Учениците од нашето училиште во учебната 2022-2023 година освоија голем број поединечни награди и пофалници и тоа:<br>- 11 ученици освоија прва награда;<br>- 17 ученици втора награда;<br>- 28 ученици освоија трета награда и<br>- 22 ученици се стекнаа со пофалница.<br>- Групни награди се освоени следниве:<br>- 9 награди за прво место и<br>- 9 награди за второ место.<br>- 5 награди за трето место.<br>- 19 пофалници.<br><br>• Учениците од нашето училиште во учебната 2023-2024 година освоија голем број поединечни награди и пофалници и тоа:<br>- 11 ученици освоија прва награда;<br>- 17 ученици втора награда;<br>- 28 ученици освоија трета награда и<br>- 22 ученици се стекнаа со пофалница.<br>- Групни награди се освоени следниве:<br>- 2 награди за прво место и<br>- 1 награда за трето место.<br>- 5 пофалници. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето:**

- ✓ За успешна реализација на воспитно-образовниот процес неопходни се квалитетни планирања од страна на сите наставници,
- ✓ Во нашето училиште наставниците изработуваат годишни и тематски планирања на почетокот на учебната година и истите ги доставуваат до педагошката служба.
- ✓ Наставниците при планирањето на наставните програми соработуваат во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи преку консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети и од други училишта, посета на отворени часови, работилници, дисеминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго.
- ✓ Воспитно-образовната дејност во училиштето се одвива според Наставниот план за деветгодишно образование и Наставните програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука.
- ✓ Училиштето нуди избор на повеќе од три изборни наставни предмети според наставниот план и програма добиени од МОН.
- ✓ Наставниците во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата, но и во воннаставните активности.
- ✓ Во училиштето функционира Училишен инклузивен тим составен од 7(седум) члена, во кој членуваат директорот, дефектологот, психологот, двајца родители и двајца наставници.
- ✓ Училиштето ги применува законските прописи со кои е регулирано оценувањето на учениците.
- ✓ Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.
- ✓ Преку Прашалник изработен во Google Forms учениците даваат предлог-активности за годишните програми за екскурзии и излети, како и предлози за воннаставни активности на училиштето.
- ✓ Учениците кои се истакнуваат со своите знаења, активности и вештини во одредна област имаат можност истите да ги презентираат и докажат на ученичките натпревари, организирани од училиштето или акредитирени здруженија од одредена област како и меѓународно признати натпревари.

| |
|---|
| **Силни страни:**<br>✓ Квалитетно изработени годишни, тематски и дневни планирања на наставниците што се во согласност со Наставните планови и програми донесени од Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието;<br>✓ Наставниците разменуваат искуства и информации при планирањето;<br>✓ Наставникот избира соодветни задачи и активности користејќи при тоа различни ресурси;<br>✓ Континуирано се следат постигнувањата на учениците и се превземаат активности за нивно подобрување;<br>✓ Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира почитување, помош, соработка и разбирање;<br>✓ Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат и соработуваат;<br>✓ Наставниците остваруваат солидна меѓусебна интеракција како и интеракција со учениците;<br>✓ Наставникот ја поттикнува интеракцијата помеѓу учениците;<br>✓ Наставникот ги идентификува и почитува образовните потреби на учениците;<br>✓ Наставникот користи различни форми, методи и инструменти на оценување;<br>✓ Учениците се запознаени со критериумите и стандардите на оценувањето од страна на наставниците;<br>✓ Наставниците редовно ги известуваат родителите за напредокот на учениците. |
| **Слаби страни:**<br>✓ Потребно е да се поработи на програма за талентирани и надарени ученици.<br>✓ Поголема стручност на наставниците за работа со надарени ученици и ученици со посебни потреби.<br>✓ Мотивираноста на учениците за вклучување во воннаставните активности и натпревари е во пораст, но сеуште не е на посакуваното ниво.<br>✓ Дел од учениците сметаат дека наставниците не ги мотивираат доволно да го постигнат својот максимум.<br>✓ Навиките на учениците да учат за оценка, а не за знаење. |
| **Приоритети:**<br>✓ Континуирано одржување на постоечката техничка опрема (компјутери, печатачи, ЛЦД проектори) навремена замена на неисправната и застарена опрема со нова, како и набавка на нагледни средства и стручна литература;<br>✓ Примена на иновативни форми, методи и техники на учење од страна на сите наставници;<br>✓ Во наставните содржини да се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето.<br>✓ Да се зголеми мотивацијата на учениците за вклучување во воннаставните активности и натпревари. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br><br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишни, тематски планирања, неделни планирања, дневни подготовки и сценарија за час<br><br>- табеларни прегледи на постигнат успех<br><br>- интервју со директор, интервју со психолог,<br><br>интервју со педагог,<br><br>интервју со специјален едукатор и рехабилитатор,<br><br>-дискусија во фокус група со наставници<br><br>-споредбени анализи од стручна служба<br><br>-Записници од состаноците на стручните активи | 2.1.1 Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето ги следи постигањата на учениците по пол,етничка припадност,социјален статус и врши анализа на постигнатите резултати на учениците по паралелки, наставни предмети,пол,етничка стуктура и класификациони периоди.<br><br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците и тие анализи стојат во годишниот извештај на училиштето.<br><br>Направена е споредбена анализа на средниот успех за 3 години на крајот на полугодието и на крајот на учебната година.<br><br>Од оваа анализа може да се констатира дека средниот успех на крајот на учебната година е поголем од успехот на крајот од првото полугодие.Ова се должи на поголемата заинтересираност и ангажираност на учениците да го подобрат својот успех.<br><br>Во учебната 2021/22 средниот успех изнесува 4,45,изостаноци по ученик 12,12,вкупен број на ученици 602.<br><br>Во учебната 2022/23 средниот успех изнесува4,45, изостаноците по ученик 17,63,вкупен број на ученици 561.Споредено со претходната година успехот е ист,бројот на изостаноци е зголемен за 5,51,а бројот на ученици намален за 41.<br><br>Училиштето на крајот на секој класификационен период,полугодие и крајот на учебната година врши споредба и на успехот на учениците по предмети.<br><br>-највисок е средниот успех по предметите музичко,ликовно и физичко |

| | | |
|---|---|---|
| -Годишна програма за работа на директор,психолог,педагог и специјален едукатор и рехабилитатор | | и здравствено образование,додека најнизок среден успех учениците имаат по предметите математика,историја и општество и природни науки во одделенска настава,а хемија,природни науки,биологија и математика во предметна настава.<br><br>-средниот успех на учениците по скоро сите изборни предмети е висок во сите учебни години,што укажува за тоа дека учениците покажуваат особен интерес по предметите кои самите ги избрале.<br><br>-подобра е редовноста и успехот кај девојчињата во споредба со машките.<br><br>Се следат постигањата на учениците од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование,се избира првенец на генерацијата.<br><br>Се следи преминот на учениците од одделенска во предметна настава.Анализите покажуваат дека успехот на учениците во петто одделение е подобар за разлика на истите ученици од шесто одделение.<br><br>Училиштето има повратна информација за тоа каде нашите ученици го продолжиле средното образование и се прави споредба само на успехот на учениците од деветто одделение и прва година во СОУ ,,Ѓорче Петров” Крива Паланка.<br><br>Поставен е систем за континуирано следење на постигнувањата на учениците, што овозможува постојано ажурирање и анализа на податоците.<br><br>Анализи на годишно ниво: Спроведувани се годишни анализи за да се види како се променуваат трендовите со текот на времето и да се процени ефективноста на интервенциите и програмите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Преку ваков пристап, училиштата и образовните системи подобро ги разбираат и адресираат потребите на учениците, обезбедувајќи поефективно и праведно образование за сите. |
| | 2.1.2 • Резултати од екстерни тестирања | Училиштето до сега не било вклучено во државно тестирање. |
| | 2.1.3 Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Идентификацијата и поддршката на учениците со различни потреби е важен аспект од образовниот процес. Еве неколку стратегии за работа со учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост:<br>**Ученици со тешкотии во учењето:**<br>**Рана идентификација:** Користење на скрининг тестови и внимателно следење на напредокот на учениците за да се идентификуваат можни тешкотии во учењето на рана возраст.<br>**Индивидуализиран пристап:** Приспособување на наставните материјали и методи за да се одговараат на потребите на ученикот.<br>**Интерактивно учење:** Користење на визуелни помагала, интерактивни активности и технологии за подобрување на разбирањето.<br>**Поддршка од стручни лица:** Вклучување на логопеди, психолози и специјални едукатори во работата со учениците.<br>**Надарени ученици:**<br>Напредна програма: Обезбедување на предизвикувачки материјали и задачи кои ги стимулираат интелектуалните способности на ученикот.<br>**Менторство:** Вклучување на ментори кои ќе работат со надарените |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици за да ги насочат и поттикнат нивните интереси.<br><br>**Проектно учење:** Овозможување на учениците да работат на комплексни проекти кои бараат критичко размислување и креативност.<br><br>**Воннаставни активности:** Обезбедување на можности за учество во олимпијади, натпревари и други активности кои ги стимулираат нивните таленти.<br><br>**Ученици со попреченост:**<br><br>**Инклузивно образование:** Обезбедување на инклузивна средина каде сите ученици се чувствуваат прифатени и вклучени.<br><br>**Помошна технологија:** Користење на специјализирана опрема и софтвер за поддршка на учениците со попреченост.<br><br>Развивање на индивидуализирани образовни планови кои се прилагодени на потребите и способностите на секој ученик.<br><br>**Професионален развој за наставници**: Обука на наставниците за работа со ученици со попреченост и обезбедување на постојана поддршка и ресурси.<br><br>Поддршката за овие групи на ученици бара координиран напор од страна на наставниците, родителите и стручните лица за да се осигура дека секој ученик ги добива потребните ресурси и внимание за да успее |
| | 2.1.4.Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците | Известувањето на родителите и старателите за постигнувањата на учениците е важен аспект на образовниот процес. Еве неколку стратегии и методи за ефикасно информирање: |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Редовни родителски средби:**<br><br>**Родителски состаноци:** Организирање на редовни средби со родителите каде што ќе се разговара за напредокот на нивните деца.<br><br>**Отворени часови:** Овозможување на родителите да присуствуваат на часови за да се запознаат со методите на предавање и активностите на учениците.<br><br>**Пишани известувања:**<br><br>**Извештаи за напредок:** Редовно испраќање на писмени извештаи за напредокот на учениците, вклучувајќи извстувања за успех, поведение и активности.<br><br>**Евиденција на учење:** Чување на дневници или портфолија со работи и задачи на учениците, кои ќе се споделуваат со родителите.<br><br>**Дигитални алатки:**<br><br>**Онлајн платформи:** Користење на училишни платформи за управување со информации (како што се Google Classroom, Edmodo, или други системи за управување со учење) каде што родителите можат да ги следат оценките, задачите и напредокот на своите деца.<br><br>**Електронска пошта и СМС пораки:** Испраќање на редовни известувања и ажурирања преку електронска пошта или СМС пораки.<br><br>**Индивидуални средби:**<br><br>**Консултации:** Организирање на индивидуални средби со родителите за да се дискутира за специфични потреби и постигнувања на учениците.<br>**Разговори по телефон:** Користење на телефонски повици за брза комуникација и споделување на важни информации. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Специјални настани и активности:**<br><br>**Отворен ден на учиилиште:** Организирање на настани каде што родителите можат да го посетат училиштето, да ги видат работите на учениците и да разговараат со наставниците.<br><br>**Изложби и презентации:** Организирање на изложби на проекти, уметнички дела или презентации каде што учениците ги покажуваат своите постигнувања пред родителите.<br><br>**Индивидуализиран пристап:**<br><br>**Персонализирани извештаи:** Обезбедување на детализирани и персонализирани извештаи кои ги опфаќаат силните страни, слабостите и препораките за секој ученик.<br><br>Планови за индивидуално образование (ИОП): За учениците со посебни потреби, редовно ажурирање на плановите за индивидуално образование и споделување на истите со родителите.<br><br>Ефикасната комуникација меѓу училиштето и родителите е клучна за поддршката и успешноста на учениците. Користењето на различни методи и алатки може да обезбеди дека родителите се информирани и вклучени во образовниот процес на своите деца.<br><br>Согласно постигањата на учениците психологот организира работилници,советувања со родители и ученици кои имаат три и повеќе негативни оценки. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците, според пол, по наставни предмети за сите квалификациони периоди.<br>- интервју со директор, интервју со психолог,педагог и специјален едукатор и рехабилитатор. - дискусија во фокус група со наставници<br>- Записници од состаноците на стручните активи<br>- Годишна програма за работа на директор,психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор.<br>- анкетни листови за изборни предмети и извештаи од анкетирање | 2.2.1 Редовност во наставата | Редовноста во наставата е клучен фактор за успехот на учениците. Осигурувањето дека учениците редовно присуствуваат на часови бара координирани напори од страна на училиштето, родителите и самите ученици. Еве неколку стратегии за подобрување на редовноста во наставата:<br>**Евиденција за присуство:** Водење прецизна евиденција за присуството на учениците и редовно ажурирање на податоците.<br>**Рана интервенција:** Идентификување на учениците кои често отсутствуваат и преземање мерки за рана интервенција, како што се разговори со учениците и родителите.<br>**Создавање пријателска училишна атмосфера:** Обезбедување на поддржувачка и инклузивна средина каде што учениците ќе се чувствуваат добредојдени и мотивирани да посетуваат настава.<br>**Информативни активности за родителите:**<br>**Информирање на родителите:** Редовно информирање на родителите за важноста на редовното присуство на нивните деца на часови.<br>**Партнерство со родителите**: Остварување блиска соработка со родителите за да се осигура дека тие се свесни за присуството на своите деца и важноста на редовноста во наставата.<br>**Мотивација на учениците:**<br>**Награди и признанија**: Воведување на систем за наградување на учениците кои редовно посетуваат настава, како што се сертификати, признанија или мали награди. |

| | | |
|---|---|---|
| -Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во нашето училиште има **политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање на наркотични супстанции.** Со реализацијата на воспитната компонента (на часот на одделенска заедница и преку работилници со стручни лица) учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци. Не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и не се користат наркотични супстанци. Се води грижа за учениците, но во училиштето не е ангажирана агенција за обезбедување на учениците. За таа цел училиштето има пишани процедури (Закон за основно образование, Закон против пушење) според кои се дејствува при секое отстапување од нив. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците. Во соработка со општината се спроведуваат процедури за проверка на квалитетот на храната во објектите за храна во неговата непосредна околина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана. |
| -Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;<br><br>-Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); | Хигиена и заштита од болести | Од направените увиди и разговори (со наставници, технички персонал во училиштето) дојдовме до заклучок дека **хигиената во нашето училиште е на завидно ниво.**<br>Ходниците, тоалетите, училниците, училишниот двор се чистат во текот на денот со средства за хигиена (кои се требуваат редовно) и се дезинфицирани. Ходниците се чистат еднаш во текот на денот, подот и мебелот во училниците се чистат еднаш во денот. Генерално чистење се изведува за време на зимскиот распуст, т.е. полугодишен распуст и за време на летниот одмор. Во текот на годината за време на училишните акции – Ден на екологијата, Ден на планетата Земја, Ден на дрвото, и др. од страна на учениците и вработените се организира чистење на училиштето и дворната површина околу него. |

| | | |
|---|---|---|
| -Записници од советот на родители и родителски средби; | | Дворното место – зелената површина и училиштето се одржува секојдневно од страна на техничкиот персонал и од страна на учениците и наставниците преку наведените акции ( Ден на екологијата, Ден на дрвото, Ден на планетата Земја). Одржувањето на хигиената во училиштето би било поуспешно доколку во училишниот двор има поголем број на кошници за отпад. Исто така, во училиштето се реализираат активности од проектот Еко-училиште. Редовна обврска на **дежурните ученици** е да водат грижа за хигиената во училиштето за време на одморите помеѓу часовите. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | За безбедноста на учениците и вработените има пропишано правила според кои треба да се однесуваат во случај на било каква непогода, а во останатите случаи секојдневно за учениците се грижи наставниот кадар. |
| -Анкети со наставници; ученици, родители/старатели;<br><br>-Документација за добиени спонзорства и донации. | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Нашето училиште води грижа за **обезбедување на материјални средства** за учениците кои поради **социјалната загрозеност** на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици. Во соработка со невладини организации и општествено одговорни компании и поединци, на овие ученици им се обезбедува училиштен прибор, кој е неопходен за следење на наставата, во текот на првото и второто полугодие. Многу често во училиштето се организираат хуманитарни акции за собирање облека и парични средства, наменети за деца кои се материјално загрозени и децата кои живеат со еден родител.<br>Со поддршка на учениците и наставниците во училиштето се организира хуманитарна акција за собирање парични средства наменети за лекување на болен ученик и хуманитарна акција за |

| | | |
|---|---|---|
| | | собирање парични средства наменети за помош на семејства кои доживеале загуба.<br>Во училиштето исто така **се организираат продажни изложби** во соработка со учениците, родителите и наставниците, а собраните средства се донираат за хуманитарни цели. Учениците од социјално загрозени семејства од нашето училиште имаат можност да учествуваат во воннаставни активности кои бараат вложување на дополнителни средства. Така, при организирање на приредби, натпревари, екскурзии, полуматурска прослава, училиштето во соработка со надворешни соработници, на овие ученици им обезбедува попуст за надоместокот кој треба да се плати.<br>Нашето училиште има голема подршка и успешна соработка со **организацијата на Црвениот Крст, Центарот за социјална работа, невладини организации** во спроведување на процедурите за грижа и помош на сите деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Во училиштето се води грижа за учениците со здравствени проблеми, но нема посебна програма за таа цел. Во таа насока училиштето соработува со родителите, така што тие секогаш пред почетокот на наставата можат да им помогнат на своите деца при влегувањето во училиштето, а понатаму грижата за нив ја превземаат учениците и наставниците.<br>Исто така училиштето има развиено механизми за поттикнување на соучениците во давање на помош и водење грижа за децата со телесни пречки. За време на одморите меѓу часовите, учениците им помагаат на децата за движење низ ходниците, училишниот двор и пристапот до тоалетот. На часот по физичко образование учениците со телесни пречки во развојот се испрашуваат теоретски, а практично изработуваат вежби кои се возможни да се реализираат, добивајќи помош од наставникот и соучениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Покрај соработката со учениците, наставниците и родителите, училиштето остварува соработка и со други релевантни организации како на пример: невладината организација ’’Отворете ги прозорците’’ (асистивна технологија за поддршка на учениците со пречки во развојот), со една единствена цел – *обезбедување грижа за децата со пречки во развојот* и олеснување на секојдневната работа во училишетето.<br>За таа цел отворена е и инклузивна училница преку проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди Инклудиран“. |
| -Анкети со наставници; ученици, родители/старатели; | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето има договорени **процедури за грижа на учениците со евентуални емоционални потешкотии** кои се манифестираат преку намалување на успехот, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., без оглед на изборот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството). Психологот е обучен да им помогне преку разговори, советувања, работилници на учениците или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции.<br>Училиштето за грижа и следење на учениците со емоционални потешкотии, по потреба соработува со релевантни институции, како што се: Здравствени институции, Центар за социјална работа, полиција и др. |
| -записници од спроведените | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | **Во изборот на понатамошното образование** на учениците, училиштето им помага така што ги информира за мрежата на средни училишта во градот и условите за упис на истите. Во прилог на тоа училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и целосни информации за можностите за понатамошното образование. За таа цел се организираат активности и се користат промотивни материјали на соодветни средни образовни институции за добивање на нови точни информации (флаери, трибини, посети на средни |

| | | |
|---|---|---|
| Активности за професионална ориентација.<br><br>-Анкети со наставници; ученици, родители/старатели; | | училишта, посета на Саем на кариерата  кој се одржува секоја година и на кој саем сите државни и приватни средни училишта вршат презентации на свои штандови).<br>Исто така, училиштето помага во организирање средби на ученици со претставници од средни училишта, што претставува дел од активностите на професионалната ориентација. Голем број на државни и  приватни средни училишта вршат јавни презентации, во самото училиште, каде учениците се запознаваат со неговата образовната дејност, преку директни предавања,  флаери, плакати, промотивен материјал и др.<br>Преку јавните медиуми учениците се информирани за објавениот годишен конкурс за упис во средни училишта во Република Северна  Македонија и потребните услови за конкурирање.<br>**За професионална ориентација на учениците** (професионално насочување)  училишниот психолог врши тестирање и испитување на способностите и интересирањата на учениците. Се вршат и  индивидуални разговори со учениците. Во годишната програма постои програма за професионална ориентација на учениците изготвена од психологот. За одредени ученици се вршат и индивидуални разговори со родители, како помош за професионална ориентација на нивните деца (особено за ученици со посебни потреби).<br>*На тврдењето дали редовно и навремено родителите се информираат за напредокот на нивното дете  87,5% од анкетираните одговориле дека се согласуваат,а 12,5% дека потполно се согласуваат.*<br>*На тврдењето дали училиштето врши анализа на постигањата на учениците на крајот на секој класификационен период 95,8% одговориле дека се согласуваат од. училиштето прави комплетна анализа на постигањата на учениците.* |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>✓ Училишетето има добар углед/имиџ како во средината во која се наоѓа, така и пошироко. Кодексот на однесување се почитува од страна на сите вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>✓ Училишната клима е добра, но се стремиме кон подобрување на истата во секој можен сегмент.Поведението и дисциплината во училиштето се на завидно ниво.<br>✓ Учениците партиципаципираат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки.<br>✓ Вработените и учениците заеднички се трудат и тежнеат кој промоврање на личните постигања како на на учениците,така и на училиштето во целост.<br>✓ Учениците си ги познаваат своите права и во училиштето сите имаат еднаков и првичен третман.<br>✓ Преку разни активности се промовира мултикултурализмот.<br>✓ Соработка на училиштето со родителите, локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво. |
| **Силни страни**<br>✓ Училиштето им дава можности на сите субјекти во образовниот процес активно да се вклучат и меѓусебно да соработуваат;<br>✓ Постигнати се значителни успеси на училиштето на општинско, државно и меѓународно ниво;<br>✓ Работната атмосфера и добрата соработка меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето;<br>✓ Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето;<br>✓ Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со локалната заедница;<br>✓ Училиштето има демократски избрана училишна заедница;<br>✓ Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата;<br>✓ Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот;<br>✓ Училиштето реализира едукативни работилници за штетното влијание на пороците: дрога, алкохол и пушење;<br>✓ Голема соработка со родители преку Совет на родители;<br>✓ Редовно спроведување на МИО и МИМО активности како самостојни активности, така и заеднички активности со партнер училиштето „Симче Настовски“ од с. Вратница, Јажинце; |

| |
|---|
| ✓ Реализирање на еколошки активности согласно еко стандардите планирани во Годишната програма |
| **Слаби страни**<br>✓ Непостоење критериум за истакнување на дипломите на учениците што ги добиле на разни натпревари;<br>✓ Недоволна мотивација на наставниците за правилно извршување на работните задачи поради нивно несоодветно вреднување.<br>✓ Недостиг од психолошки тестови и техники за утврдување на психолошкиот профил на учениците; |
| **Приоритети**<br>✓ Изготвување правилници за награди и признанија за наставниците кои дават посебен придонес во образовниот процес;<br>✓ Изготвување на критериум за истакнување на дипломите на учениците што ги добиле на разни натпреварувања;<br>✓ Подигање на соработката со родители на повисоко ниво;<br>✓ Соработка со други училишта за размена на искуства и подобра комуникација помеѓу сите структури преку ПМИО; |

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br><br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Програма за работа на училишниот одбор;<br>- Деловник за работа на училишниот одбор;<br>- Статут на училиштето;<br>- Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето;<br>- Програми за професионален развој; | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето според Законот за основно образование (С. Весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20). Работата и функционирањето на УО е јасно дефинирана според деловникот за работа на училишниот одбор, навремено се донесуваат заклучоци и одлуки со консензус и истите се транспарентни. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, а успешно соработува со Советот на родители, стручна служба, наставници, ученици, локална самоуправа и приватни водечки структури.<br>**УО** зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам.<br>**УО** се состои од седум члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители и еден член од основачот на училиштето-Локалната заедница. Сите членовите на **УО** се присутни |

| | | |
|---|---|---|
| - Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>-<br>- Распоред и процедури за користење на просторот и материјалите во училиштето;<br><br>- Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека. | | на состаноците на кои непречено се работи, детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето со уредно изготвени записници. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. .<br>Членови на УО се со легитимен мандат и имаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.<br>Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.<br>Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на високо ниво.<br><br>***Анкета од наставници:***<br>***На прашањето дали Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки, целосно се согласија 95 од наставниците, додека 5% делумно се согласуваат.*** |
| - Програма за работа на директорот;<br><br>Интервју со директорот,стручните соработници; | Раководење со училиштето | **Мисијата** и **визијата** на училиштето се обновени во јануари 2023 година. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење го заснова врз тимска работа при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководењето е согласно законските прописи. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации.<br>Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на училиштето.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се’ со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот.<br>Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во училиштето. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и други тимови во Училиштето, особено инсистира и поддржува рализирање на еколошки содржини и спроведување на училишни политики. во кои се афирмира инклузивноста на училиштето.<br>Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации, вклучувајќи го училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Училиштето превзема активности за унапредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција со потпишан меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ „Симче Настовски“ с. Вратница Јажинце од друг наставен јазик. Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во функција се кабинетот по информатика, сензорна соба за ученици со ПОП, како и новоадаптираниот кабинет по природни науки. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети. Но, и понатаму недостасува голем дел од асистивна технологија наменета за работа со ученици со ПОП и дел од наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, ИКТ опрема, како и обнова на реквизити за реализирање на наставата по ФЗО во централно и подрачни училишта. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства и помогнати од страна на родителите копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците. |
| -Распоред и процедури за користење на просторот и материјалите во училиштето; | Управување и раководење со ресурсите | Директорот прави напори за максимално искористување на расположливите ресурси и набавка на нови. Како предизвик го наведува оспособувањето на нови простории за изведување на наставата и воннаставните активности за оптимално задоволување на потребите на учениците. Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето преку Наставничкиот совет планира, а преку Училишниот одбор, Советот на родители и преку сопствената сметка и средства од одобрениот буџет обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека располага со компјутер, има пристап до интернет, а библиотечната евиденција, се води во согласност со Законот за библиотеките. Сепак изостанува водење електронска евиденција за издадените и вратените книги, која е во процес на подготовка за започнување. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи во |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласност со распоредот за работното време на библиотеката. Во библиотеката се забележува секое издавање и примање на книги, список на членови, евиденција на прочитаното и евиденција на вратеното. Уредно и редовно се води електронска евиденција на прием на учебници, сеѓ организира изложби од книги, литературни читања, како и зачленување на нови ученици од прво одделение. За нив во периодот на одбележување на Детска недела, се подготвува посебен прием во училишната библиотека и им се посочува колку е важно да се чита.<br><br>Во библиотеката се зачленети **420** ученика, кои добиваат членска картичка, а позајмувањето и враќањето на книгите се забележуваат во картончиња. Секој ученик си има свое картонче нумерирано според бројот на членската картичка и во него е евидентирано секое задолжување на книги, со датум и секое враќање на истите е евидентирано со датум.<br><br>Училиштето располага и со фонд на учебници, кои учениците бесплатно ги добиваат и ги враќаат по завршување на учебната година. И во текот на оваа учебна година 2023/2024 кога имаме нова програма за учениците од I (прво), II (второ), IV (четврто) и V (петто) одделение и VI (шесто) одделение сите ученици навремено ги добија своите прирачници. За секој комплет од учебници водиме Записник кој е потпишан од одделенските раководители од една страна и од библиотекарот од друга страна. Секој записник го имаме и во електронска форма. Исто така добиваме прирачници за Професионален и кариерен развој во основните училишта, а за нашите најмлади читатели добивме бесплатни книги донирани од фондацијата *MoneyGram* и од проектот на УСАИД „Со читање до лидерство.‟<br><br>Училишната библиотека располага со:<br><br>➢ лектирни изданија 3850<br>➢ стручна литература 400<br>➢ белетристика 4150 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Исто така располага и со изданија на други јазици и тоа:<br>➢ 59 на српски<br>➢ 25 на англиски<br>➢ 2 на бугарски<br>➢ 1 на романски<br>➢ 1 на германски<br>***Анкета од ученик:***<br>***Од спроведената анкета и прашањата дали можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време целосно се согласија 95% од учениците, додека 5% делумно се согласуваат.*** |
| | Раководење со кадарот | Што се однесува до човечките ресурси, училиштето располага со наставен кадар, кој е соодветен по норматив, квалитетен и компетентен за реализација на сите наставни планови и програми, како и компетентни стручни соработници. Наставата во нашето училиште ја изведуваат вкупно 60 наставници, Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар за работа со деца со посебни-образовни потреби. Работат во нашето училиште психолог, педагог, а работата е надополнета и со Специјален едукатор и рехбилитор (дефектолог), како и три образовни асистенти. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Училиштето е соодветно екипирано и со административен и помошно-технички персонал. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Најголем број од наставниците сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат.<br><br>Постои практика за вршење дисеминација на обуки. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите, образовните реформи и |

| | | |
|---|---|---|
| | | современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот преку донесена Процедура за пофалба на наставен кадар.<br>Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има интерен документ за организација и реализација на приправничкиот стаж и се почитува Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник приправник и стручен соработник приправник од Министерството за образование и наука.<br>***Анкета од наставници:***<br>***Од спроведената анкета и прашањата дали сме задоволни од работата на стручната служба во секое време, целосно се согласија 95% од учениците, додека 5% делумно се согласуваат.*** |
| Интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици и училишниот одбор; | Следење и унапредување на наставниот процес | Од интервјуто напревено со стручната служба констатирано е дека стручните соработници својата работа ја релизираат според предвидената програма и водат записници за реализацијата на своите активности. Остваруваат соработка со наставниците, учениците и родителите , организираат индивидуални и групни состаноци на теми кои се од значење за работата и животот во и надвор од училиштето, учествуваат во процесот на стручно усовршување на наставниците ,реализираат советодавна работа со родителите ,на теми кои се однесуваат на учениците со потешкотии во наставата и учениците со ПОП .Учествуваат во анализи и истражувања од областа на доменот на нивната работа.Земаат учество во работата со: талентираните ученици, Училишниот парламент,инклузивниот тим, тимот за превенција на насилно однесување, ЕКО-тимот и неговите активности, МИО – тимот, следење на успехот на учениците,професионална ориентација на учениците,водење на професионално досие и педагошки картон на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците,стручно усовршување на наставниците,соработка со локалната средина и ресорните министерства.<br><br>Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализирање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br><br>Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Стручните соработници во дозвола со директорот според направен распоред вршат редовни посети на часови и вршат нивно евидентирање, најмалку два часа во едно полугодие кои се поткрепени со разговор за истите.<br><br>Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици обезбедени од МОН. Во училиштето имаме вработено и дефектолог или Специјалена едукатор или рехабилитатор за девата со посебни потрби. Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, ги детектираат потребите за лично професионално усовршување изработувајќи лични планови за професионален развој на почетокот на учебната година. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и совремнтите образовни текови. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според новиот закон сите наставници по свој избор поминаа по две акредитирани обуки за учебната 2022/23 година и е реализирана дисеминација на истите. Во 2023-2024 година сите наставници посетија уште две од предвидените акредитирани обуки по свој избор, како дел од програмата за професионален развој. Во нашето училиште имаме еден наставник кој напредуваше во својата кариера со звање наставник-ментор. Дел од наставниците со самофинансирање посетија одделни обуки во текот на учебната година. Секој наставник може да напредува според законот за кариерно напредување на наставниците. Директорот целосно ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br><br>Училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците. Сите наставници се стекнаа со пофалници и благодарници од училиштето кои со своите ученици постигнаа и стекнаа високи резултати на регионално и државно ниво. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br><br>***Анкета од родители:***<br><br>***На прашањето дали Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен 90 % целосно се согласуваат, додека 10% делумно се согласуваат.***<br>Училиштето се придржува на Законот за основно образование за приправничкиот стаж.<br><br>Директорот и стручните соработници со одобрение од директорот по претходно изготвен распоред за следење на работата на наставниците, континуирано ја следат работата на наставниците и квалитетот на реализација на наставата. Најголем број наставници по најмалку два |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставни часа беа посетени од страна на директорот и стручните соработници во текот на едно полугодие. Има случаи каде одреден број наставници по свое барање сакале да се посетат нивните наставни часови. Во текот на следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени формулари или протоколи на кои ги запишуваат и бележат сознанијата од посетениот час.<br><br>За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. Наставникот-ментор има посетено повеќе наставни часови на наставници кои имаат помал работен стаж за давање насоки и поддршка за подобра реализација на наставните планови и програми. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето;<br><br>➢годишна програма за работа на училиштето;<br><br>➢извештај од самоевалуација;<br>➢план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови;<br>➢анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; | Процедури за креирање на Училишна политика | Во училиштето целите се прецизни, јасни и се фокусираат на подобрување на квалитетот на наставата и посигањата на учениците. Училиштето има правилници во врска со дисциплинанта, предвидени дициплински мерки, оценување на поведението и насилничкото однесување. Педагогот во согласнот со законот работи на решавање на проблемите и дисциплината. Исто така училиштето има Куќен ред кој се почитува. За реализација на училишната политика постои комуникација помеѓу раководниот тим, наставниците, родителите и учениците. За сите планови и планирани активности се информираат:<br>-учениците преку редовниот одделенски час;<br>-родителите преку редовните,<br>-вонредните и индивидуалните средби, а и преку Советот на родители: -наставниците преку редовните Наставнички и Одделенски совети и работата на Стручните активи. Во реализација на училишната политика |

| | | |
|---|---|---|
| ➢записници од училишниот одбор, советот на родители, Наставничкиот совет;<br>➢интерни акти;<br>➢програма за работа и извештаи за работата на Училишниот одбор;<br>➢деловник за работа на училишниот одбор;<br>➢план за професионален развој; | | вклучена е и локалната заедница. Една од целите на училиштето е проширување и збогатување на знаењата на наставниците и учениците преку соработка и збратимување со други училишта и тоа успешно се реализира. Сите релевантни субјекти соработуваат и поставените цели во голема мера се реализираат. Ова позитивно влијае врз работењето на училиштето.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:<br>- меѓуетничка интеграција,<br>- намалување на насилството во училиштата,<br>- намалување на семејното насилство,<br>- недискриминација,<br>- еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,<br>- грижа за здравјето и исхраната на учениците<br>- безбеден пристап до интернет<br>- безбедно користење на фотографиите на учениците<br>- однесувањето и дисциплината на учениците<br>- евакуирање во случај на опасност<br>- следење и оценување на учениците<br>- промовирање на постигањата на учениците<br>- грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| | Резултати од развојно планирање | Раководниот орган ги следи и/или делегира следење на акциските планови за реализација на развојната програма. Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот-ментор, наставниците, родителите, учениците, Училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски |

| | | |
|---|---|---|
| | | планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br>***Анкета од наставници:***<br>***На преашањето колку се информиран/а за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето***<br>***75 % одговорија целосно, додека 25%  делумно се согласуваат.*** |
| ➢буџет и финансиски план на училиштето. | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот редовно ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на Општината. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

- ✓ Тимот кој работеше на евалуација на подрачјето настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти, како и постоечката документација во училиштето..
- ✓ Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на Училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.
- ✓ **Мисијата** на училиштето е да се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците, а тоа значи дека обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.
- ✓ **Визијата** на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на поттикнување на одговорно однесување и вредна работа.
- ✓ Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во работата на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата ивоннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.
- ✓ Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

**Силни страни**

- ✓ Училишната библиотека секогаш е достапна за учениците и вработените;
- ✓ Наставните средства и помагала ги подобруваат постигнувањата на учениците;
- ✓ Наставните средства и материјали со кои располага училиштето ефикасно се користат во наставата и учењето ;
- ✓ Стручната литература со која располагаат наставниците редовно се користи за реализација на наставните содржини;
- ✓ Потрошниот материјал редовно се набавува;
- ✓ Наставниците ги познаваат професионалните компетеции за нивен професионален развој;
- ✓ Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за нивен професионален развој;
- ✓ Изнаоѓаат ефективни модели и можности за свој професионален развој и напредување во наставничката професија;
- ✓ Наставниците изработуваат личен план за професионален развој ;
- ✓ Тие ја увидуваат комплексноста на наставничката професија и одговорноста што таа ја носи, се стремат соодветно да ја извршуваат;
- ✓ Постои потреба од дополнување и надградување на знаењата и вештините со континуирана едукација;
- ✓ Континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование, врз основа на рефлексија и самоевалуација;
- ✓ Наставниот кадар се информирани за тековните случување, стручните настани во областа на образованието од страна на МОН и БРО и други организации одговорни за спроведување на обуки ;
- ✓ Во училилиштето, од страна на стручната служба континуирано се води педагошки картон и професионално досие за секој наставник ;
- ✓ Добра соработка помеѓу Директорот на училиштето, претседателот и членовите на Училишниот одбор, педагошко-психолошката служба, Наставничкиот совет, Советот на родители, Стручните активи;
- ✓ Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Крива Паланка, Биро за развој на образованието МОН, Меѓуопштински центар за социјални работи и други институции;
- ✓ Постои соработка помеѓу: педагошко-психолошката служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;
- ✓ Континуирана соработка со родителите (Совет на родители);
- ✓ Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области (ЕРАЗМУС програма, АРИСЕ, ВЕЛО УЧИЛИШТЕ);
- ✓ Продлабочување на годишните програми на наставниците во согласност со потребите на учениците;
- ✓ Редовно се одржуваат состаноци на сите органи во училиштето;
- ✓ Буџетот на училиштето се проектира и користи наменски, со цел да се подобри квалитетот на наставата и условите за работа во училиштето.

**Слаби страни**

- ✓ Опременост на училниците од предметна настава со соодветни нагледни средства по предметите и зголемување на фондот на книги во библиотеката во централното и подрачните училишта;
- ✓ Недоволна опременст во подрачните училишта со ИК технологија (смарт табли и компјутери за учениците);
- ✓ Недостаток на кабинет за природни науки.
- ✓ Отежнато информирање на сите родители за успехот на учениците со примена на е-дневник, поради недостапност до адреси на електронска пошта на некои родители;
- ✓ Да се подобри соработката по активи на предмети, особено меѓу одделенска и предметна настава (да се согледаат сличностите и надминат разликите со креативен стил на дејствување, во рамките на деветгодишното образование;
- ✓ Недоволна вклученост на локалната бизнис заедница и родителите за обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето.

**Приоритети**

- ✓ Изнаоѓање на механизам за поголема вклученост на родителите во работата на училиштето во вклучување на електронските дневници и нивна достапност;
- ✓ Зајакнување и проширување на тимската работа помеѓу активите на наставниците;
- ✓ Изнаоѓање на стратегии за мотивирање на локалната бизнис заедница во обезбедување на донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето;
- ✓ Изработка на проекти и аплицирање до донатори за подобрување на материјално-техничките услови.